Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул.“Македонија“бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr.”Makedonia”nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr. 02-1258/22
25.07. 2024 год.
Скопје/Shkup

Врз основа на член 70 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22), член 8 став 3 од Правилникот за додатоци на плата, нивната висина и начинот на утврдување за судските службеници бр.01-285/1 од 13.02.2019 година, член 8 став 2 и член 9 алинеја 9 од Законот за судски буџет (Сл.весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10) и член 12 став 1 од Деловник за работа на Судскиот буџетски совет бр.01-547/24 од 12.05.2014 година, Судскиот буџетски совет на 231-та седница одржана на ден 25.07.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За необезбедување средства за исплата на додатоци на плата за месец Јули 2024 година**

Член 1

Со Буџетот за 2024 година за раздел 29010-Судска власт за месец јули 2024 година не се обезбедуваат средства за исплата на додатоци на плата за судските службеници, согласно позитивните законски прописи.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

Согласно член 70 став 3 од Законот за судска служба додаток на плата на судски службеници може да се исплатат по донесена одлука на Судски буџетски совет за обезбедени финансиски средства.

Во врска со информацијата на претставникот на Министерството за финансии усно изнесена на 231-та седница, дека во предложениот Ребаланс на Буџетот на РСМ за 2024 година не се обезбедени средства за исплата на додатоци на плата, согласно член 8 став 2 и член 9 алинеја 9 од Законот за судски буџет, Судскиот буџетски совет донесе одлука дека со Буџетот на судската власт за 2024 година раздел 29010-Судска власт за месец јули 2024 година не се обезбедени средства за исплата на додатоци на плата за судските службеници, согласно позитивните законски прописи.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**